

# Филипче крие кој се вакцинирал, дали министри преку ред се вакцинирале додека народот умира од корона

Додека секој ден има по неколку десеттина починати од корона, Венко Филипче крие кој се се вакцинирал и дали се вакцинирале владини функционери преку ред.

Во вчерашната статистика на починати имаше и лице со само 23 години. И тоа не е само бројка, тоа се лица чии семејства се завиени во црно.
Вакцини нема, медикаменти нема, како тргнало граѓаните ќе заглават во болничките ходници, ако воопшто стигнат и до истите.

Во момент кога вакцинацијата прекинува, затоа што имаше само незначителни дози на вакцини, се шири сомнеж дека вакцини примиле функционери, примиле лица кои не биле приоритет.
Водени од фактот дека национален интерес во овој момент е справувањето со КОВИД-19 и обезбедувањето на вакцини, бараме веднаш надлежните и Венко Филипче да одговорат дали се точни информациите дека и малиот број обезбедени вакцини се злоупотребуваат.

Веднаш да се даде одговор на јавноста, дали некој функционер го земал местото за вакцинација на некое медицинско лице на кое му е неопходна затоа што се грижи за сите граѓани, без разлика дали се суспектни на КОВИД–19 или заразени со вирусот.
Само со објавување на списоците на вакцинирани ќе се тргнат сите сомнежи за и онака катастрофалниот вакцинален процес.

Венко Филипче, секако, ќе одговара за катастрофата што им се случува на граѓаните, а е предизвикана од последиците на корона кризата!

**ВМРО-ДПМНЕ**